ООУ СТИВ НАУМОВ - БИТОЛА

ПЛАН ЗА МЕЃУПРЕДМЕТНА СОРАБОТКА

Битола, август 2023

Планирањето на меѓупредметната соработка се карактеризира со синтеза на знаења, вештини и познавања (разбирања) од области на различни училишни предмети. При планирањето на ваквите часови, двајца или повеќе наставници од различни предмети работат на изнаоѓање на заеднички цели од теми (подрачја) од материјалот кој го предаваат (во согласност со програмите за работа дадени од МОН и БРО) и притоа изведуваат активности насочени кон реализација на тие цели. Оваа соработка на наставниците може да се одвива на ниво на стручни активи или одделенски совети. Меѓупредметната соработка им помага на учениците да ја разберат темата што ја обработуваат од повеќе аспекти, да развијат и да применат повеќе индивидуални вештини за да дојдат до бараната цел, да ја зголемат мотивацијата за стекнување на нови знаења и да се подготват за решавање на проблеми од секојдневието. Наставниците кои планираат меѓупредметна соработка треба да поседуваат соодветни познавања за својот предмет и за останатите предмети со кои соработуваат, да поседуваат добра педагошка компетенција, подготвеност да соработуваат, како и отвореност кон промени.

Тема на меѓупредметна соработка за учебна 2023/2024 година е – ***Одржлива енергија и рециклирање***.

